Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва и членовите 28 и 31 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп (во понатамошниот текст наведено како “Друштвото”), Одборот на Директори на

**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп**
**до акционерите на Друштвото објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК
## За учество на Годишното Собрание на акционери

**Годишното Собрание** на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, **ќе се одржи на ден 30 јуни 2016 година (четврток), со почеток во 10:00 часот**, во седиштето на Друштвото на ул. Крушевски пат бб во Прилеп, со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**А. Процедурален дел:**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Верификација на список на пријавените акционери и констатирање на кворумот за работа;
3. Усвојување на записникот од претходната седница од Собранието на акционери;
4. Усвојување на дневниот ред.

**Б. Работен дел:**

5. Финансиски извештаи и извештај на независните ревизори за 2015 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на извештаите;
6. Годишна сметка на Друштвото за периодот 01 јануари до 31 декември 2015 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка;
7. Годишен Извештај на Одборот на Директори на Друштвото за 2015 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на извештајот;
8. Годишен извештај на Службата за Внатрешна Ревизија за 2015 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот извештај;
9. Распределување на добивката од 2015 година; со
   - Предлог -Одлука за распределување на добивката од 2015 година;
10. Избор на друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година; со
    - Предлог -Одлука за избор на друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година.

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието (**пријава за учество на Собранието**) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават до Друштвото – Правна служба.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото http://www.mermeren.com .

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да доставаат предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна до 07 јуни (вторник) 2016 година, до 16:00 часот. Подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото http://www.mermeren.com .

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во правната служба на Друштвото и на интернет страницата на Друштвото http://www.mermeren.com .

**Одбор на Директори**